РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

ПРИМЕНО:	17.11.2026		
Орг.Единица Njësia Org.	Број Numër	Прилог Shtojcë	Вредност Vlerë
08	7016/1	0	

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за здравствено осигурување, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Рашела Мијрани
Моника Тројјановска
Грацијa Бакраческа Ивана

Предлагачи: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ,
ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, ноември 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр 25/2000, 34/2000, 96/2000, 104/2000, 30/2001, 48/2001, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 109/2006, 18/2007, 36/2007, 88/2007, 106/2007, 82/2008, 98/2008, 142/2008, 6/2009, 45/2009, 67/2009, 14/10, 50/10, 156/10, 19/11, 53/11, 166/11, 26/12, 145/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16, 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 275/19, 77/21, 285/21, 60/23, 154/23, 209/23, 144/25, 154/25, 91/26 И 212/26) се уредува здравственото осигурување на граѓаните, правата и обврските од здравственото осигурување.

Со членовите 60-а, 60-б и 60-в од Законот се уредени категоризацијата на вработените во стручната служба на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и начинот на пресметување на нивните плати. Членот 60-а ги утврдува категориите и нивоата на работните места (категорија Б – раководни, категорија В – стручни и категорија Г – помошно-стручни административни службеници), а членот 60-б го утврдува на бодови (најмал и најголем број на бодови) за секоја категорија. Управниот одбор на Фондот со Правилникот за утврдување на платите на вработените во Фондот го утврдува бројот на бодови за секое работно место, додека вредноста на бодот се утврдува секоја година со одлука на Управниот одбор и не може да биде повисока од вредноста на бодот за државните службеници утврдена согласно со Законот за административни службеници (член 60-в).

Со донесување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 144/25; 252/25; 266/25; 212/26; 249/26) кој започнува да се применува од 1 јануари 2027 година, се воспоставува нов систем на класификација на работните места и на плати на административните службеници. Вработените во Фондот кои вршат административни работи имаат статус на административни службеници (член 60 став 4 од Законот за здравственото осигурување), односно на државни службеници во смисла на членот 5 од Законот за административни службеници, кој ги опфаќа и вработените во фондовите. Законот за административни службеници ги задржува категориите Б – раководни, В – стручни и Г – помошно-стручни административни службеници, а основната плата ја уредува така што минималната плата е нејзин составен дел, со што се обезбедува платата на административниот службеник да не биде пониска од минималната плата.

Согласно со членот 101 од Законот за административни службеници, одредбите од посебните закони со кои се уредуваат прашања во врска со административните службеници треба да се усогласат со овој закон најдоцна до 1 јануари 2027 година.

Дополнително согласно со прописите со кои се уредува минималната плата, износот на минималната плата во Република Северна Македонија се усогласува секоја година, а работодавачот не смее да исплати плата пониска од утврдената минимална плата. Поради тоа, Фондот секоја година ги усогласува платите на вработените со износот на минималната плата преку измени на Правилникот за утврдување на платите на вработените во Фондот.

Со измените на Правилникот извршени во текот на 2025 година, на работните места во категориите В и Г им е утврден број на бодови кој го достигнува максимумот предвиден во членот 60-б од Законот.

Согласно постојната состојба не постои законска можност за усогласување на платите со минималната плата заради што се врши и измената на членот 60-6 од Законот за здравственото осигуруване во делот на пресметката на платите на вработените во Фондот, согласно категориите утврдени во членот 60-а од Законот.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложената измена е да се обезбеди законска основа платите на вработените во стручната служба на Фондот да се усогласуваат со износот на минималната плата без отстапување од законските обврски, како и доследна и правилна примена на одредбите од Законот за административни службеници и системска усогласеност на категориите, нивоата и системот на бодови на вработените во Фондот.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија од причина што за истите се предвидени средства во буџетот.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни материјални обврски за други субјекти.

V. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага Собранието Предлогот на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување да го разгледа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОто ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр 25/2000, 34/2000, 96/2000, 104/2000, 30/2001, 48/2001, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 109/2006, 18/2007, 36/2007, 88/2007, 106/2007, 82/2008, 98/2008, 142/2008, 6/2009, 45/2009, 67/2009, 14/10, 50/10, 156/10, 19/11, 53/11, 166/11, 26/12, 145/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16, 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 275/19, 77/21, 285/21, 60/23, 154/23, 209/23, 144/25, 154/25, 91/26 И 212/26), членот 60-б се менува и гласи:

„Платите на вработените во стручната служба на Фондот од членот 60-а став 1 од овој закон, се пресметуваат согласно со следниве бодови по категории и тоа:

- категорија Б од 900 до 1800 бодови,
- категорија В од 800 до 1200 бодови и
- категорија Г од 700 до 1000 бодови.“

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2027 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на законот за изменување на Законот за здравствено осигурување содржи два члена.

Со членот 1 се менува членот 60-б од Законот, со кој се утврдуваат бодовите за пресметување на платите на вработените во стручната служба на Фондот. Распонот за категоријата Б (раководни административни службеници) се менува од 800 – 1500 на 900 – 1800 бодови, за категоријата В (стручни административни службеници) од 630 – 880 на 800 – 1200 бодови, а за категоријата Г (помошно-стручни административни службеници) од 400 – 750 на 700 – 1000 бодови. Со оваа измена се создава законски основ платите на вработените во Фондот да се усогласуваат со износот на минималната плата без надминување на законскиот максимум на бодови, и се обезбедува усогласеност со Законот за административни службеници, според кое платата на административниот службеник не може да биде пониска од минималната плата.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на законот.

II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложената одредба е меѓусебно поврзана со одредбите од Законот за здравственото осигурување и преставува правна целина.

III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлог законот за изменување на Законот за здравствено осигурување ќе обезбедат доследна и правилна примена на одредбите од Законот за административни службеници, како и со цел системска усогласеност на категориите, нивоата и системот на бодови на вработените во Фондот.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ
ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО СЕ МЕНУВААТ

Член 60-б

Платите на вработените во стручната служба на Фондот од членот 60-а став 1 од овој закон, се пресметуваат согласно со следниве бодови по категории и тоа:

- категорија Б од 800 до 1500 бодови,
- категорија В од 630 до 880 бодови и
- категорија Г од 400 до 750 бодови.